РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2668/2
17-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава добиена од познат подносител, на првото продолжение од 55-та седница одржано на 17.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата на /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2668/1 од 05.08.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека друг орган е надлежен да постапува по пријавата на подносителот.

Предметот со број 12-2668 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2668/1 од 05.08.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата подносителот изнесува незадоволство од донесено Дополнително решение на /// за трошоци. Изнесува наводи со кои го побива така донесеното дополнително решение. Од ДКСК бара истото да го преиспита согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата достави еден доказ.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледување на пријавата и доставениот доказ, ДКСК утврди дека наводите во предметниот случај се однесуваат на судски спор на подносителот кој се водел пред /// по основ на ///. Судот донел пресуда по предметниот спор, на основ на што го донел и нападнатото дополнително решение од страна на подносителот. Во така донесеното дополнително решение стои правна поука дека истото може да се побива со поднесување жалба пред надлежниот повисок суд, во законски предвидениот рок. Оттаму, ДКСК оцени дека друг орган е надлежен да постапува по наводите во пријавата на подносителот, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК нема законска надлежност да постапува во предметниот случај, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:

- Архивата на ДКСК
- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Н. Б.